Etika (makedonski)
Vrsta: Seminarski | Broj strana: 10 | Nivo: Ekonomski fakultet-Skopje

Абстракт
„Што е тоа што деловната етика ја прави интересна и толку предизвикувачка? Дали е тоа што и како термин и како поим „деловната етика“ значи толку многу различни работи за толку многу различни области?“
Деловната етика тешко може да се дефинира на прецизен начин бидејќи за различни луѓе има различно значење, но во генерална смисла етиката е код на моралниприципи и вредности кои го насочуваат однесувањето на поединецот или групата кон почитување што е правилно а што погрешно во делувањето на работното место при тоа мислејќи на ефектите од производството односно услугите кои се нудат и на односите со околината.
Често, деловната етика се поисоветува со општествената одговорност, затоа е важно да се напомене дека постои разлика помеѓу овие два сродни поима. Имено, општествена одговорност се однесува на ширење на организациската одговорност особено во однос на непосредното опкружување во кое што делува компанијата додека етиката се однесува на однесувањето на поединецот, раководено од вредностите.
Денес, етиката е важен дел од менаџментот на секоја компанија, асоцијација, здружение, претпријатие каде што за успешно спроведување на етиката во секојдневното работење се формираат Кодекси за примена на деловната етика.
„Кодекс е систематизиран збир на релативно прецизно формулирани морални норми на еден одреден морал, утврден со пишан акт, изготвен од луѓе кои се претставници на одредена група“ Всушност, тие ги дефинираат вредностите и етичките стандарди кои се наменети да го водат однесувањето на вработените. Најчесто се јавуваат во организации и професии како што се медицина, право, јавно сметководство, угостителство итн.
Предмет на овој семинарски труд е претставување на Етичкиот Кодекс на службениците задолжени за извршување на јавните набавки.
Клучни зборови: етика, етички кодекс, службеници
Вовед
Деловната етика претставува склоп на односи и инструкции за однесувањето на една организација кон средината во која делува, опфаќајќи ги односите внатре и надвор од неа. Секоја организација е еден своевиден систем на односи кои ја прават поразлична од сите останати во општеството. Наспроти ова, општеството со своите турбулентни промени допринесува за уште потешка адаптација за секоја организација. Волис и Пекел велат дека вниманието кон деловната етика е критично за време на фундаменталните промени, бидејќи вредностите кои претходно биле зададени повеќе не се почитуваат и се заменети со нови.

**---------- OSTATAK TEKSTA NIJE PRIKAZAN. CEO RAD MOŽETE PREUZETI NA SAJTU. ----------**

www.maturskiradovi.net

**MOŽETE NAS KONTAKTIRATI NA E-MAIL:** maturskiradovi.net@gmail.com